ЗАПИСНИК
**од 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 28.11.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Шќипе Тахири, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 43-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.11.2022 година.
2. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на член 98 став 1 од ЗААВМУ.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
8. Разно.

Г-дин Петрушевски по усвојувањето на Дневниот ред, предложи за Точките од 2 до 6 Стручната служба да даде еден заеднички вовед, бидејќи станува збор за ист медиум кој прекршил повеќе членови од Законот, Советот да има една дискусија, а гласањето да биде за секое прекршување посебно.

Членовите на Советот немаа против овој предлог.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 42-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 18.11.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точки 2, 3, 4, 5 и 6**

Раководителката на Одделението за програмски и административен надзор Шќипе Тахири ги образложи предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар за прекршување на ЗААВМУ, член 92 ставови 1 и 3, член 98 став 1, член 50 став 3 и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица, член 51 став 1 и на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека овие прекршувања се констатирани со надзорот што е спроведен на 10 октомври оваа година. Во однос на член 98 објасни дека кај медиумот е регистрирано емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови од програмата со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок. Прекршувањето на член 50 се однесува на тоа што беше емитувана програма без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење. Членот 51 став 1 беше прекршен затоа што на 10 октомври 2022 година, ТВ Дибра не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. Член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ се однесува на неемитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот. Од административен аспект прекршен е и член 14 од Законот за медиуми затоа што на снимката од фудбалски натпревар не беа објавени податоците за импресум, што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис. Посочи дека службата со одговорното лице на ТВ Дибра остварила комуникација и притоа тој доставил и изјаснување во однос на констатираните прекршувања, со кои се согласува и ги прифаќа. Притоа навел дека во најскоро време ќе се коригира и ќе го усогласи своето работење со Законот. Исто така објасни дека одговорното лице на ТВ Дибра во однос на прекршување на член 92 објаснил дека телевизијата се соочува со финансиски проблеми и не се во можност да обезбедат доволно емисии како изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела. Во таа насока е сугерирано да се обрати до Кинотеката на Северна Македонија каде што може да обезбеди емисии за да го задоволи законскиот процент на изворно создадена програма. На крајот изрази надеж дека при контролниот надзор медиумот ќе биде усогласен како и што се изјаснил.

Г-дин Петрушевски рече дека на медиумот му е даден добар совет во однос на изнајмување емисии од Кинотека на РСМ, бидејќи навистина телевизиите се соочуваат со финансиска криза за да направат своја програма. Се надева дека радиодифузерот ќе ја прифати сугестијата и дека при контролниот надзор овие прекршувања ќе ги нема.

Г-дин Ајдини рече дека е добро што радиодифузерот се изјаснил во однос на сите прекршувања. Исто така рече дека е добро што службата го контактирала одговорното лице на радиодифузерот. Тоа што го спомнал директорот Трајчевски на минатата седница се потврдува бидејќи на регионалните и локалните медиуми за да бидат сите опфатени им се прави надзор на секој 3 до 4 години, тие се опуштаат и затоа е и овој проблем со поголем број на прекршувања на Законот. Се изјасни дека ќе ги поддржи сите предлози за јавни опомени.

Г-дин Фиданоски праша дали сите овие прекршувања на ЗААВМУ и Законот за медиуми се констатирани со еден надзор, на што му беше потврдно одговорено.

*Гласање по Точка 2*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4069/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4079/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 1 од ЗААВМУ затоа што од 10 октомври 2022 година, е регистрирано емитување на рекламни огласи што не се јасно одвоени од другите делови од програмата со оптички и/или звучни средства на почетокот од рекламниот блок.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 4</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-4078/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и член 19 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 10 октомври 2022 година, реалното ТВ-шоу / скриената камера „Just for laughs - Gags“ беше емитувано без соодветна предупредувачка сигнализација пред почетокот и без класификациска ознака за категоријата програма во текот на целото времетраење.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 5</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4091/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4087/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ДИБРА ТВ ДООЕЛ Дебар да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што од 10 октомври 2022 година, на снимката од фудбалскиот натпревар KS Korabi (Peshkopi) – KS Albpetrol (Patos), не беа објавени податоците за импресум, што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Одделението за програмски и административен надзор Шќипе Тахири го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека на 10 октомври со редовниот надзор кај овој медиум е констатирано дека програмскиот сервис на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците. Објасни дека ова

е едно од најчестите прекршувања што се сретнува кај радиодифузерите кои како што велат настанува поради технички проблеми. Овој радиодифузер не достави изјаснување.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-4086/1 од 02.11.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ КАНАЛ ФЕСТА ДООЕЛ Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 10 октомври 2022 година не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со член 51 став 1 од ЗААВМУ.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-4383/8**

**05.12 2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**